Бр. **20-678/4**

**Скопје, 29.07.2021 г.**

# ЗАПИСНИК

од седницата на ЦИК одржана на **28.06.2021 година**

На седницата присуствуваа членовите на Комисијата: д-р Ненад Цветановски, претседател на Централна изборна комисија, д-р Костадин Митев и д-р Милан Нацевски.

Отсутни беа д-р Александар Стојановски и д-р Ридван Алили.

Откако утврди кворум за работа, претседателот на Централната изборна комисија, д-р Ненад Цветановски го предложи следниот дневен ред:

-Усвојување на Предлог-дневниот ред;

1. Усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 03.06.2021 година;
2. Подготовка на Предлог-роковник за спроведување на изборни дејствија за избори на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија;
3. Разно.

Предлог-дневниот ред беше едногласно усвоен без измени и дополнување.

**1. Усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 03.06.2021 година**

Записникот од последната седница на Комисијата одржана на ден 03.06.2021 година едногласно беше усвоен од присутните членови, без измени и дополнувања.

**2. Подготовка на Предлог-роковник за спроведување на изборни дејствија за избори на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија;**

Согласно Одлуката бр.02-700/1 од 25.06.2021 година на Претседателот на Комората за распишување на избори за членови на РО Битола и делегати во Собранието на СКМ, Комисијата донесе **РОКОВНИК** и определи датум за одржување собир на доктори.

Роковникот е во прилог на овој Записник.

Комисија утврди и **формулар на записник** за спроведување на изборите за членови на Регионален одбор Битола и делегати во Собранието на СКМ.

**3. Разно**

Комисијата едногласно одлучи, поради годишните одмори, да се продолжи рокот за плаќање членарина на сите доктори на стоматологија од РО Битола, и тоа најдоцна до 29.07.2021 година.

Комисијата ќе изготви **известување** во кое ќе се наведе избирачкото место, датумот и времето на гласање и документи кои се потребни за гласање. Известувањето ќе се објави на веб-страната на Комората и во два од дневните весници (македонски и албански) кои се дистрибуираат на територијата на цела држава.

По исцрпување на дневниот ред, претседателот на Комисијата ја затвори седницата. Следната седница на Комисијата е закажана за **29.07.2021 г.**, во 11:00 часот.

Седницата заврши во 12:30 часот.

Записничар,
Ана Ангелеска____________

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател на**
**Централна изборна комисија,**
д-р Ненад Цветановски
М.П. ____________